НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“
КУМАНОВО



# МАРИЈА ВЕЛИЧКОВСКА

# Имагинации



**МАРИЈА ВЕЛИЧКОВСКА**
Сликар со модно креирање

Родена на 19.04.1974 година во Скопје.
Средно уметничко училиште завршила во Скопје, отсек Применето сликарство. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Родољуб Анастасов

Адреса: Октомвриска револуција 32/12
Куманово, Р. Македонија
Тел: 071/249-066
E-mail: marijavelickovska74@yahoo.com

**ИЗЛОЖБИ:**

1994-Скопје, Сули-Ан - Изложба на студенти на Ф.Л.У.
1995-Неготино, Музеј на град Неготино - слики од колониjата Демир Капија
1995-Тетово, Музичко училиште - Изложба на студенти на Ф.Л.У.
1996-Скопје-Сули-Ан - Фондација од семејството на проф. Борко Лазески
1998-2003, Куманово-ДЛУК
2003-Прва самостојна изложба во Струмица, Работнички универзитет "Јоска Свештарот"
2003-Втора самостојна изложба во Штип, Уметничка галерија Безистен
2005-Уметничка колонија-Струга - Раководител, Александар Цане Јанкуловски
2006-Изложба од колонијата во Струга, Работнички универзитет-Скопје
2003-2010, Куманово-ДЛУК

Соочени со најновото ликовно творештво на академската сликарка Марија Величковска размислуваме за поврзаноста на авторот поединец-ликовен творец со сликовното колективно несвесно кое, пак, го замислуваме како една огромна космичка база на податоци до којашто можат да допрат сите оние креативно настроени луѓе што се обидуваат да створат свој визуелно-имагинарен простор. Убедени дека поврзаноста постои и дека истата овозможува надградба на веќе постоечкото со оригинални авторски решенија, се трудиме да ги "прочитаме" сложено структуираните композиции на Величковска знаејќи однапред дека тоа во потполност е невозможно. Но, се надеваме, исто така, дека самата авторка не инсистира на таквата постапка и дека истата се обидува да ни даде само појдовна основа за размислување канализирајќи ги нашите видувања со сугестивни наслови коишто треба да не насочат кон определена реално доживеана визуелна претстава. Останатото зависи од нас и нашата способност за сликовно размислување. Предизвикувајќи ја љубопитноста на конзументот, авторката Величковска истовремено отвара многу прашања за својот начин на делување, степен на комуникација и интерактивност. Широката лепеза на ликовни решенија коишто се движат во рамките на асоцијативното нефигуративно сликарство со одредени стилизирани

материјално-морфолошки карактеристики како и биоморфно-органските структури ставени во комплексни колористичко-просторни контексти говорат дека се работи за ликовно истражувачки потфат којшто е во процес на себеистражување и допрва треба да се профилира во една препознатлива ликовно-стилска поетика која, пак, треба да го карактеризира ликовниот ракопис на самата авторка. Самите ликовни решенија се конципирани на база на површини коишто меѓусебе се интегрирани градејќи микрокосмички биопростори и ликовно-сценски скици и на некој начин со својата композициско-колористична поставеност придонесуваат за полесно разбирање на целината или, пак, некои од нив делуваат во спротивна насока и допринесуваат впечатокот да биде уште повеќе збунувачки и мистериозен. На дел од сликите идејата почнува од централниот простор на сликата и потоа се развива во сите насоки градејќи една сложена структура, впрочем нешто слично на состојбите во реалниот свет. И токму тоа, обидот за бришењето на границите помеѓу реалниот и имагинарниот сликарски простор, го чини сликарството на Марија Величковска вредно за анализа дотолку повеќе што можеме, кога се работи за овој вид на сликарство, на тест да ја ставиме и сопствената способност за ликовно-имагинарно конзумирање, асоцијативност и разбирање.

**Роберт Цветковски,** историчар на уметноста

---

1. "Искон" - 68x55cм - 2010
2. "Скриени длабочини" - 70x62cм - 2010
3. "Почеток и крај" - 55x68cм -2010
4. "Раѓање на утрото" - 100x81cм -2010
5. "Атриум" - 100x81cм - 2008
6. "Ориент" - 68x55cм - 2010
7. "Фрагменти" - 100x81cм - 2010
8. "Memory" - 68x54cм - 2010
9. "Тотем" - 73x89cм - 2010
10. "Фосил" - 89x74cм - 2010
11. "Бран емоции" - 54x75 cм - 2010
12. "Преобразување на светот" - 70x50cм - 2010
13. "Цитадела" - 70x50cм - 2010
14. "Арка" - 61x81cм - 2010
15. "Аскетизам" - 81x61cм - 2010
16. "Life" - 100x81cм - 2010
17. "Виор" - 89x74cм -2010
18. "Ротација" - 100x81cм -2010
19. "Непознат свет" - 100x81cм - 2010
20. "Продирање" - 90x61cм - 2010
21. "Супериорност" - 100x81cм - 2010
22. "Празникот на создавањето" - 100x81cм - 2010
23. "Dreams" - 100x81cм - 2011
24. "Ариес" - 44x62cм - 2011
25. "Во лет" - 64x44cм - 2011
26. "Урбан I" - 60x91cм - 2011
27. "Урбан II" - 60x91cм - 2011
28. "Infinite" - 60x91cм - 2011
29. "Процес" - 44x62cм - 2011
30. "Око" - 72x51cм - 2011
31. "Страст" - 35x45cм - 2011
32. "Разделба" - 35x45cм - 2011
33. "Љубов" - 34x40cм - 2011
34. "Оаза" - 88x68cм - 2011
35. "Организми" - 116x81cм - 2011
36. "Блесок" 64x71cм -2011
37. "Елегија" 90x73cм - 2010

**- Сите слики се работени во техниката масло на платно -**



**"Dreams"** - 100x81см



**"Life"** - 100x81см



**"Тотем"** - 73x89см



**"Празникот на создавањето"** - 100x81см



**"Супериорност"** - 100x81см



**"Елегија"** 90x73см



**"Фрагменти"** - 100x81см



**"Раѓање на утрото"** - 100x81см



**"Фосил"** - масло на платно, 89x74см



**"Непознат свет"** - 100x81см



**"Арка"** - 61x81см



**"Урбан I"** - 60x91см



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ“
КУМАНОВО

27 октомври - 8 ноември 2011

Предговор: Роберт Цветковски
Техничка подготовка: Александар Николовски
Фотографии и дизајн: Миодраг Стојановски